Врз основа на член 6 точка 1 од Правилникот за организација и систематизација на работите и работните задачи на АМСМ УСЛУГИ - ХОМОЛОГАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Управителот на друштвото на ден 01.10.2008 г. ја донесе следната

# О Д Л У К А

за надомест за дадени услуги при оцена на сообразност
и проверка на истоветност на возилата

**Член 1**

Согласно потребите на Друштвото, а врз основа на обврските што произлегуваат од позитивните законски прописи, се донесува ценовник за надомест на трошоците при оцена на сообразност и проверка на истоветност на возилата.

**Член 2**

Ценовникот е изработен посебно за секоја категорија на возила, за која се утврдува цена за надомест за дадените услуги при оцена на сообразност и проверка на истоветност на возилата.

**Член 3**

Ценовникот, со структура на цената (ДДВ и друго), кој е изработен на посебен образец обележан под римско I е составен дел од оваа одлука.

**Член 4**

Одредбите од оваа одлука и цените од ценовникот за надомест за дадените услуги при оцена на сообразност и проверка на истоветност на возилата стапуваат во сила на денот на нејзиното донесување.

**Член 5**

При наплатата, задолжените референти водат посебна евиденција и издаваат потврда за наплатените средства.

**Член 6**

За спроведувањето на одредбите од оваа одлука ќе се грижат управителот и раководителот на АМСМ УСЛУГИ - ХОМОЛОГАЦИЈА ДООЕЛ Скопје.

**Член 7**

Непочитувањето на одредбите од оваа одлука повлекува дисциплинска одговорност, врз основа на одредбите од ЗРО.

**Член 8**

Со стапување во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 03-33 од 01.07.2008 г.

***АМСМ УСЛУГИ - ХОМОЛОГАЦИЈА***
***ДООЕЛ Скопје,***
***УПРАВИТЕЛ***
***Данијела Доневска, дипл. маш. инж.***

Скопје, 01.10.2008 г.

Доставено до
Архива
Подружници